Совет на Општина Делчево
Број 09-1510/2
16.09.2020 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 44.седница на Советот на Општина Делчево
и продолжение на истата

Седницата се одржа на ден 16.09.2020 година (среда), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:00 часот

На седницата присуствуваа 11 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Сашко Јовановски
10. Кристи Стојковски
11. Вице Стоиловски

Оправдано отсутни:Билјана Ѓеорѓиевска, Дијана Јосифовски, Николчо Ситновски и Катица Трајкова Тасева.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 44.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 43.седница

1. Предлог-Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

2. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на групи со помал број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

Образлагач: Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови.

3.Предлог-Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2020/2021;

4. Предлог-Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во подрачните училишта при ООУ „Ванчо Прке “-Делчево за учебната 2020/2021;

5. Предлог-Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;

6. Предлог-Одлука за давање согласност за раскинување на Договор за времено користење на простории-објект детска градинка наш бр.11-114/1 од 13.02.2008;

Образлагач: По точките 3, 4, 5 и 6-Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи.

Претседателот отвори расправа по Дневниот ред.

За збор се јави Сашко Ивановски кој предложи денешната седница да се прекине поради смрт на сопругот на членот на Советот, д-р Билјана Ѓеорѓиевска.

Претседателот на Советот рече дека во една ваква ситуација нема услови за работа и ја прекина 44.седница на Советот, а ги информираше членовите на Советот дека за продолжението на 44.седница ќе бидат дополнително известени.

Продолжението на 44.седница се одржа на 18.09.2020 година, со почеток во 14:00 часот, во фоајето на Спомен-домот АСНОМ,.

На седницата присуствуваа 12 членови на советот.

Оправдано отсутни: Билјана Ѓеорѓиевска, Дијана Јосифовски, Николчо Ситновски.

Претседателот на Советот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека во врска со точките 5 и 6 има голем ризик за организирање настава со физичко присуство бидејќи смета дека училиштата немаат доволно простор за дистанца меѓу учениците и дека епидемиолошката состојба, бројот на заболени и жртви во општината, не дозволува организирање настава со физичко присуство. Исто така, тој истакна дека во целата држава нема ниту 10% училишта кои побарале организирање настава со физичко присуство. Тој побара од советниците, сите убаво да размислат дали кај нас училиштата имаат ислови за изведување настава со физичко присуство пред да донесат одлука. Инаку, ниа како советничка група ќе ги поддржиме сите одлуки, но укажувам дека треба убаво да размисслиме, рече С.Ивановски.

Претседателот на Советот рече дека укажувањето на советникот е во ред, но Советот на оваа седница донесува одлука за поднесување барање за согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците и на некој начин оваа одлука е од технички карактер. За оие две точки ќе дискутираме кога ќе бидат на дневен ред, сега ова е расправа за дневниот ред, истакна претседателот на Советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 43.седница на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 43.седница на Советот.

**Прва точка-Предлог-Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**;

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови кој истакна дека оваа одлука се донесува врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата и со неа Советот како основач на градинката треба да го утврди почетокот и завршетокот на работното време. Имено, со самата одлука се утврдува работното време - За објект бр.2 , кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.12 каде се остварува Програма за целодневен престој на деца. Работното време  се утврдува од 05:00 до 18:00 часот.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој ја праша директорката на ОЈУДГ зошто работното време се утврдува со посебен акт кога тоа е утврдено во самата Програма на институцијата?

Б.Симовска рече дека се донесува посебен акт затоа што така е во законот и кога во градинката доаѓа инспекција секогаш, бара посебен акт од основачот (одлука) со која е утврдено работното време.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе –Одлуката за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

**Втора точка-Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на групи со помал број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше  Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови која рече дека оваа одлука се предлага врз основа на Оперативниот план за активности во устанвите за згрижување и воспитание на деца по укинување на вонредната остојба и членот 64 став 5 од Законот за заштита на децата. Имено, во зависност од условите за работа, потребата на децата и родителите или програмите за остварување на дејноста,

јавната детска установа/градинката може во групите да има помал број на деца од законски утврдениот, по добиена согласност од основачот.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, Советот на Ооштина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност за формирање на групи со помал број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Трета точка-Предлог-Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2020/2021;**

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска помлад соработник за нормативно-правни работи која истакна дека согласно со Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, училиштата кои имаат услови за организирање настава со физичко присуство, можат да побараат од основачот донесување на Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците. Во овој случај ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево има поднесно барање до Општина Делчево, поточно до Советот како основач да донесе одлука за барање согласност за организирање на настава со физичко присуство бидејќи самото училиште смета дека во училиштето има услови за организирање настава со физичко присуство и тоа за учениците од четврто до деветто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево и подрачните училишта во комбинирани паралелки од прво до петто одделение во ООУ„Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2020/2021 година.

Ванчо Новоселски советник за образование истакна дека рокот за поднесување на барања од училиштата до Комисијата бил до 10 септември и сите училишта во општината го испочитувале тој рок и поднеле барања. Претходно во сите училишта се направени анализи, анкети и со одлука на Наставничкиот совет во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево е одлучено дека тие имаат услови за организирање настава со физичко присуство. Во случајот одлуката на Советот е од технички карактер и се однесува на тоа дека Советот дава согласност училиштето да поднесе барање до Комисијата формирана од Владата на РСМ за

разгледување на барања за организирање настава со физичко присуство.

Претседателот на Советот рече дека крајниот збор ќе го има Комисијата која претпоставувам дека ќе дојде на увид и ќе ја согледа фактичката состојба, дали има или нема услови за организирање настава со физичко присуство.

Сашко Ивановски рече напротив, работата т.е. одлуката на Советот е суштинска, а не техничка, добронамерно сакам да укажам дека во училиштето нема услови за изведување настава со физичко присуство, како ќе се распоредат 12 или 15 деца на растојание од 1,5 до 2 м, во една училница? Кај многу родители со кои разговарам и контактирам, постои страв, рече С.Ивановски.

Претседателот на Советот рече дека дискусијата на С.Ивановски е во ред, но постапката е таква, училиштата поднесуваат барања, Советот донесува Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците, а крајниот збор го има Комисијата. Можеби тие ќе кажат дека во училиштето нема услови за физичко присуство, јас лично, исто така сметам дека нема услови за физичко присуство на настава.

Славица Димитрова рече дека советниците не се само машина за гласање и не носат технички одлуки и дека имаат право да прашуваат и да бараат одговор од надлежните на многу прашања кои се поврзани со точките на дневен ред.

Дејан Георгиевски праша дали ООУ „Св.Климент Охридски“ има направено анализа за тоа дали располага со услови за физичко присуство на настава на учениците, колкав број на ученици се изјасниле за тоа дека сакаат да присуствуваат на настава, со колку простории располага училиштето и дали во нив има услови за дистанца. Дали постои некаков документ за сето тоа и колкав е бројот на родители кои се изласниле на анкетата за физичко присуство на настава на нивните деца?

Ванчо Новоселски и Ивана Ивановска истакнаа дека пред одржување на седницата (на 14.09.2020) електронски до сите советници биле доставени сите барања од општинските училишта со сите податоци за овие прашања кои ги истакнал советникот.

Дејан Георгиевски побара писмено да му бидат доставени одговори на неговите прашања за сите 3 училишта.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2020/2021.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во подрачните училишта при ООУ „Ванчо Прке “-Делчево за учебната 2020/2021;**

И оваа точка ја образложи Ивана Ивановска која рече дека со оваа одлука се бара согласност од Владата на Република Северна Македонија за организирање настава со физичко присуство за учениците од прво до петто одделение во подрачните училишта при Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2020/2021 година. Одлуката за барање согласност и Барањето за организирање настава со физичко присуство од ООУ „Ванчо Прке“ Делчево да се достави до Комисијата формирана од Владата на РСМ за разгледување на барања за организирање настава со физичко присуство.

Ванчо Новоселски-Советник за образование истакна дека исто како и во претходното училиште и тука се направени сите анализи, во самото барање од училиштето се навдени податоци и според нив во ООУ „Ванчо Прке“ Македонија има услови за организирање настава со физичко присуство за учениците од прво до петто одделение во подрачните училишта при Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2020/2021 година.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Дејан Георгиевски која побара исто така писмен одговор за тоа дали училиштето има направено анализа за тоа дали располага со услови за физичко присуство на настава на учениците, колкав број на ученици се изјасниле за тоа дека сакаат да присуствуваат на настава, со колку простории располага училиштето и дали во нив има услови за дистанца. Дали постои некаков документ за сето тоа и колкав е бројот на родители кои се изласниле на анкетата за физичко присуство на настава на нивните деца? Тој предложи ООУ „Ванчо Прке“ да ја разгледа можноста за двосменско работење бидејќи се

уште не се знае колку ќе трае оваа состојба.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во подрачните училишта при ООУ „Ванчо Прке “-Делчево за учебната 2020/2021

**Петта точка-Предлог-Одлука за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;**

Во врска со оваа точка Ивана Ивановска истакна дека е бара согласност од Владата на Република Северна Македонија за организирање настава со физичко присуство за учениците од Средното општинското училиште „ Методи Митевски Брицо “ Делчево за учебната 2020/2021 година. Одлуката за барање согласност и Барањето за организирање настава со физичко присуство од СОУ „Методи Митевски Брицо“ Делчево да се достави до Комисијата формирана од Владата на РСМ за разгледување на барања за организирање настава со физичко присуство.

Ванчо Новоселски рече дека и во гимназијата се направени потребните анализи согласно Планот и протоколите и се обезбедени услови за изведување на настава со физичко присуство, обезбеден посебен влез, посебен излез на учениците. Подетални податоци ги имате во самото барање поднесено до општината од страна на гимназијата кое ви беше доставено, рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за барање согласност од Владата на РСМ за организирање настава со физичко присуство на учениците во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за давање согласност за раскинување на Договор за времено користење на простории-објект детска градинка наш бр.11-114/1 од 13.02.2008;**

Точката ја образложи Ивана Ивановска која истакна дека во 2007 година е склучен Договор помеѓу детската градинка и ООУ „Св.Климент Охридски за користење на

просториите на градинката за потребите на основното училиште.Со оваа одлука се дава согласност за раскинување на Договор за времено користење на простории-објект детска градинка наш бр.11-114/1 од 13.02.2008 година склучен помеѓу Општинската Јавна установа-детска градинка „Весели Цветови“ Делчево, Општинското основно училиште Св „Климент Охридски“ Делчево и Општина Делчево. Во самиот Договор во член 5 се предвиден услови под кои може овој договор да се раскине, рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали мора Договорот да се раскине со одлука бидејќи во самиуот Договор како акт кој ги регилира односите помеѓу двете страни, има предвидено услови за раскинување на истиот.

Ивана Ивановска рече дека смета оти Советот како основач на градинката и на општинското училиште имаа надлежност да донесат ваква одлука.

Драган Маневски рече дека Советот треба да донесе ваква одлука и ја праша директорката колку простории би се адаптирале и со кој капацитет за згичување на деца би биле истите?

Директорката Б.Симовска рече дека со адаптацијата на овие простории би се згрижиле околу 58 дечиња, а со дополнителна доградба и надградба би можело и повеќе. Таа истакна дека таму ќе бидат децата од јаслените групи.

Влатко Величковски праша дали со адаптацијата на овие простории веќе ќе нема деца кои ќе бидат на Листа на чекање?

Б.Симовска рече дека бројот на дечиња коис е на Листа на чекање значително би се намалил.

Кире Тренчевски праша дали тоа би значело и нови вработувања во градинката?

Б.Симовска рече секако ќе има потреба од нови вработувања и обезбедување егзистенција на неколку смејства.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност за раскинување на Договор за времено користење на простории-објект детска градинка наш бр.11-114/1 од 13.02.2008.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 43.седница на Советот заврши со своата работа во 15:12 часот.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Драган Маневски